**20160370939**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКУРЗОРИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за прекурзори,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 февруари 2016 година.

Бр. 08-1219/1
22 февруари 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКУРЗОРИ

Член 1

Во Законот за прекурзори („Службен весник на Република Македонија“ број 37/2004, 40/2007, 53/11 и 149/2015), во членот 10 ставови 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22 и 23 се бришат.

Член 2

Во членот 26 став 1 точката 6) се брише.

Точките 7) и 8) стануваат точки 6) и 7).

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Глоба во износ од 25 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во Министерството за здравство што ја води постапката, доколку не одлучи по барањето во рокот утврден во членовите 10 став 4 и 14 ставови 2 и 3 од овој закон.“

Член 3

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).